СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

# Упатство за КТС СЕПА налог преку e-banking сервисот на Стопанска банка АД - Скопје

## ВОВЕД

СЕПА (SEPA) плаќањето (Single Euro Payments Area) претставува стандардизиран начин на извршување на плаќања во евра во рамките на Европската унија и во уште неколку земји кои се приклучени кон СЕПА зоната, како: Албанија, Андора, Гибралтар, Исланд, Лихтенштајн, Република Северна Македонија, Монако, Црна Гора, Норвешка, Република Молдавија, Сан Марино, Словенија, Швајцарија, Обединетото Кралство и Ватикан.

Со користењето на СЕПА, се овозможува:

- **Унифицирани правила и стандарди за плаќање;**
- **Ниски трошоци и поголема транспарентност;**
- **Побрзи трансакции – Најдоцна до следниот работен ден по прием на налогот.**

Ова упатство има за цел да обезбеди јасни информации за целокупната постапка на извршување на СЕПА плаќање преку e-banking, потребните податоци и чекорите што треба да се следат за извршување на налогот.

## ПОСТАПКА ЗА КРЕИРАЊЕ НАЛОГ

Од девизната сметка во валута EUR од која сакате да го извршите плаќањето одберете ја опцијата **„Налози“**.



Од понудените типови налози одбирате **„КТС SEPA“** (КТС е скратено од Кредитен трансфер во странство)




Во продолжение задолжителните полиња за пополнување на КТС СЕПА налогот.




**Шифра** – поле за избор на шифра која ја опишува намената на плаќањето. Со клик на опцијата Избери шифра на плаќање, достапно веднаш до полето шифра се отвора мени со опис на сите расположливи шифри за избор.

**Цел на плаќањето** – ова поле автоматски се пополнува согласно шифрата на плаќање што е одбрана. Дополнително појаснување за плаќањето може да внесете во полето под "Цел на плаќањето" и "Шифра" и истото е задолжително за пополнување.

**Датум (валута) на извршување** – полето е автоматски пополнето со тековен датум, но доколку имате потреба налогот да го процесирате како одложен, на располагање Ви стои опцијата за промена на датумот на валута, што овозможува налогот да го изготвите денес, а да се процесира на иден датум по Ваш избор.

**Наименување на примачот** - поле за внес на називот на налогопримачот (име и презиме за физичко лице или целосен назив на правниот субјект ).

**Адреса -** поле за внес на адресата на налогопримачот.

**Град -** поле за внес на град на налогопримачот.

**Платежна сметка на примачот -** поле во кое се наведува бројот на сметката на налогопримачот на средствата.

**Износ -** поле за внес на износот на налогот.

**Земја -** поле кое автоматски се пополнува од BIC/SWIFT податокот или можете сами да ја одберете од достапната листа.

**БИК на давателот на платежните услуги на примачот -** поле во кое треба да се внесе SWIFT кодот на Банката во којашто е отворена сметката на налогопримачот на средствата.

**Сметка за наплата на провизија –** поле наменето за избор на Ваша сметка во MKD од која би сакале да се наплатат трошоците.

*****Трошокот за процесирање на КТС СЕПА налогот е секогаш поделен **( SHA )** и нема можност за промена.

ПРИКАЧУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ

Од Вас ќе се побара прикачување на документ доколку одберете некоја од наведените шифри во табелата и/или доколку износот на КТС СЕПА налогот кој го процесирате надминува 50.000 ЕУР за физички односно 100.000 ЕУР за правни лица.

**Шифри за процесирање на КТС СЕПА налог за кои е потребно да се прикачат документи.**

| | |
|---|---|
| **238** | **Осигурување - премија** |
| **239** | **Осигурување - надомест на штета: склучувач на осигурувањето кај домашен осигурувач и корисник е нерезидент** |

| | |
|---|---|
| 240 | Осигурување - надомест на штета: склучувач на осигурувањето кај домашен осигурувач е резидент, а корисникот е нерезидент |
| 241 | Осигурување - провизија |
| 242 | Реосигурување - премија |
| 243 | Реосигурување - надомест на штета |
| 244 | Реосигурување - провизија |
| 330 | Дивиденди од домашни сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на домашното друштво, коишто имаат третман на директна инвестиција на нерезидент во Република Северна Македонија: трансфер на добивката. |
| 333 | Дивиденди од домашни сопственички хартии од вредност и други исплатени добивки од удел во капиталот на домашното друштво коишто имаат третман на портфолио инвестиција на нерезидентот во Република Северна Македонија: трансфер на добивката |
| 334 | Доход од вложување на нерезидентите во удели на домашни инвестициски фондови |
| 340 | Доход од недвижности во Република Северна Македонија |
| 501 | Трансфери кон нерезиденти за опрема и други основни средства за однапред дефинирани инвестициски проекти |
| 504 | Данок на наследство и на подарок на капитално добро |
| 507 | Останати капитални трансфери кон нерезиденти за надомест при штети, непокриени со полиса за осигурување; завештание |
| 502 | Трансфери на мигранти и други капитални трансфери: пренос на средства поврзани со миграција на поединци од Република Северна Македонија |
| 503 | Пренос помеѓу сметките на физички лица поради промена на статусот од резидент во нерезидент и обратно |
| 505 | Купување права на интелектуална сопственост–купување франшизи и трговски марки |
| 506 | Купување недвижности на домашни дипломатски претставништва во странство и од странски дипломатки претставништва во Република Северна Македонија: за купување недвижности од други нерезиденти види Капитални трансакции - вложување во недвижности |
| 510 | Пренос од остаток на ликвидациска маса |
| 511 | Повлекување капитал: плаќање врз основа на продажба на акции и удели поседувани од нерезидент во домашно друштвото. За дивиденди и други платени добивки од учество во капитал види Тековни трансакции - Доход од капитал |
| 513 | Купување домашни сопственички хартии од вредност во сопственост на нерезидент |
| 514 | Купување странски сопственички хартии од вредност од нерезидент |

| | |
|---|---|
| **515** | **Вложување во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на учеството на резидентот во капиталот на странското друштво** |
| **518** | **Потребно е да се достави потврда од Централен регистар** |
| **520** | **Купување домашни должнички хартии од вредност во сопственост на нерезидент, вклучително и главнина** |
| **521** | **Купување странски должнички хартии од нерезидент. За камати од вложување во должнички хартии од вредност види Тековни трансакции - Доход од капитал** |
| **543** | **Повлекување удели во домашни друштва со учество на нерезидентот во капиталот под 10%** |
| **544** | **Вложување во удели во странски друштва со учество во капиталот под 10%** |
| **560** | **Повлекување удели на нерезиденти од домашни инвестициски фондови** |
| **561** | **Вложување на резиденти во удели на странски инвестициски фондови** |
| **570** | **Купување од страна на нерезиденти на финансиски деривати издадени од резиденти** |
| **571** | **Купување од страна на резиденти на финансиски деривати издадени од нерезиденти** |
| **670** | **Пренос од сметките во странство на сметките во државата** |
| **671** | **Пренос од сметките во државата на сметките во странство – физички лица: пренесени средства од сметки на резиденти – физички лица кај домашни банки на сметки во странски банки** |

Доколку процесирате налог со шифра за која е поредвидено прикачување на документ, по пополнување на налогот, од менито од левата страна одберете ја опцијата **“СОЧУВАЈ”,**




Потоа, на следното мени одберете ја опцијата **"ПРОМЕНИ"** при што ќе ви биде овозможена опцијата **"ПРИЛОЗИ"**. Со одбирање на оваа опција ќе имате можнсот за прикачување на соодветен документ во поддршка на КТС СЕПА налогот.









Со одбирање на опцијата **“CHOOSE FILE”** го одбирате документот кој сакате да го прикачите. Во полето **“Опис”** се внесува опис на документот кој го прикачувате и со цел истиот успешно да се прикачи потребно е да кликнете на знакот плус (**+**). Оваа постапка се повторува за сите документи кои е потребно да ги прикачите за КТС СЕПА налогот.

По прикачувањето на документите се одбира опцијата **“НАЗАД”** по што се враќате на менито на снименот налог.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна




Процесирањето на налогот го правите на вообичаениот начин со одбирање на опцијата “**Процесирај со М-токен**” или **“Процесирај со сертификат”** и потпишете го налогот.

По потпишување на налогот, тој се доставува за понатамошна проверка и авторизација од страна на надлежните служби во Стопанска банка.

СЕПА налогот се проверува од страна на надлежните служби дали тој е соодветно пополнет и дали прикачената документација за налогот е уредна. По направената проверка за него, се дава одговор дали е прифатен за реализација. Одговорот е достапен на самиот налог преку дигиталните канали истиот работен ден, како и на изводот од Вашата девизна сметка. Доколку налогот не е соодветно пополнет или потребно е да се достави дополнителна документација, Банката ќе Ве контактира за да ви укаже за потребните прилагодувања.

НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

- **Што е СЕПА плаќање?**

СЕПА (Single Euro Payments Area) е систем за брзи и едноставни плаќања во евра во рамките на земјите од СЕПА зоната.

- **Во која валута може да се изврши СЕПА плаќање ?**

Исклучиво само во евра (EUR).

- **Дали може да се изврши СЕПА плаќање кон сметка во друга валута ?**

Не, сметката кон која се прави налогот мора да биде во валута евра ( EUR ).

- **За колку време примачот ќе ги има на располагање средствата по успешно извршен КТС СЕПА налог?**

Најдоцна до следниот работен ден по прием на налогот

- **Дали СЕПА плаќање е исто што и СВИФТ плаќање?**

Не. SEPA важи за евра во SEPA зоната, SWIFT за меѓународни трансакции во различни валути вклучувајќи и EUR.

- **Дали СЕПА плаќањето е безбедно?**

Да, се регулира според европските стандарди за финансиска сигурност и заштита на податоците.

- **Дали може да се изврши СЕПА плаќање во земји надвор од ЕУ?**

Да, ако тие земји се дел од СЕПА зоната, како на пример: Албанија, Андора, Гибралтар, Исланд, Лихтенштајн, Република Северна Македонија, Монако, Црна Гора, Норвешка , Република Молдавија, Сан Марино, Словенија, Швајцарија, Обединетото Кралство и Ватикан..

- **Што ако банката на примателот не е дел од СЕПА зоната?**

СЕПА налогот нема да може да се креира, ќе биде потребно да се направи СВИФТ налог.

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | тел. 02 3295-295
SWIFT CODE: STOBMK2X | EMBS 4065549 | e-mail: sbank@stb.com.mk | www.stb.com.mk